**20252234353**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

☐Врз основа на член 54, став (1), точка 1.16 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 октомври 2025 година донесе

# ПРАВИЛА ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА УНИВЕРЗАЛНИОТ СНАБДУВАЧ

### Предмет на уредување

Член 1

(1) Со овие Правила за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач (во понатамошниот текст: Правила) се уредуваат начинот, условите и постапката по кои се набавува електричната енергија наменета за снабдување на потрошувачите од категориите домаќинства и мали потрошувачи (во понатамошниот текст: потрошувачи), коишто ги снабдува избраниот, односно назначениот снабдувач со електрична енергија којшто има обврска да обезбеди универзална услуга во снабдувањето со електрична енергија (во понатамошниот текст: универзален снабдувач).

(2) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика) ја следи примената на овие Правила.

### Начин и видови на набавки

Член 2

(1) Универзалниот снабдувач набавува електрична енергија во Република Северна Македонија и/или странство и тоа на пазарот на електрична енергија со билатерални договори (во понатамошниот текст: билатерален пазар), како и на организираниот пазар на електрична енергија (во понатамошниот текст: организиран пазар), во количини потребни за задоволување на потребите на потрошувачите коишто ги снабдува за периодот за кој е избран или назначен како универзален снабдувач.

(2) Универзалниот снабдувач набавува електрична енергија со примена на транспарентни, недискриминаторни и конкурентни постапки со избор на најповолна понуда од производители, трговци и снабдувачи со електрична енергија (во понатамошниот текст: понудувачи) преку воспоставување на квалификациски систем, во согласност со овие Правила, Законот за енергетика* и Правилата за регистрација на учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори.

### Воспоставување на квалификациски систем

Член 3

(1) Заради утврдување на способноста на понудувачите, универзалниот снабдувач воспоставува и води квалификациски систем на понудувачи на веб базирана платформа за

периодот за кој е избран или назначен да обезбеди универзална услуга во снабдувањето со електрична енергија.

(2) Универзалниот снабдувач поставува објективни критериуми и правила за утврдување на способноста на понудувачите кои бараат прием во системот.

(3) Универзалниот снабдувач објавува оглас за прием на понудувачи во квалификацискиот систем преку веб базирана платформа.

(4) Огласот од став (3) на овој член содржи податоци за:

1) предметот на набавката,

2) времетраењето на квалификацискиот систем,

3) постапката што се применува за доделување на договор за набавка,

4) критериумите за утврдување на способност на понудувачот за прием во квалификацискиот систем,

5) посебните критериуми за утврдување на способност на понудувачот за прием во квалификацискиот систем којшто ќе му нуди на универзалниот снабдувач за електрична енергија набавена на организираниот пазар на електрична енергија ден однапред и во тековниот ден,

6) минималниот број на понудувачи што треба да бидат примени во квалификацискиот систем при воспоставувањето и за времетраењето на системот,

7) моделот на договор за набавка, и

8) административните и дополнителните информации преку кои заинтересираните понудувачи се запознаваат со правилата за користење на квалификацискиот систем и веб базираната платформа.

(5) Во огласот за квалификацискиот систем универзалниот снабдувач ја наведува индикативната динамика на набавка и индикативната количина на електрична енергија на годишно, квартално и месечно ниво која што треба да се обезбеди за времетраењето на квалификацискиот систем, определена врз основа на податоците за потрошувачката на електрична енергија во претходните три години.

(6) Универзалниот снабдувач секоја година ја ажурира индикативната динамика на набавка и индикативна количина на електрична енергија и ја објавува на веб базираната платформа.

(7) Универзалниот снабдувач најдоцна 15 дена пред објавувањето, го доставува огласот за квалификациски систем до Регулаторната комисија за енергетика и е должен да постапи по барањата од Регулаторната комисија за енергетика што придонесуваат за зголемување на конкурентноста и транспарентноста на постапката, како и сигурноста во снабдувањето на потрошувачите и исполнувањето на обврската за обезбедување на универзална услуга во снабдувањето со електрична енергија.

**Модел на договор за набавка**

Член 4

(1) Моделот на договор од член 3, став (4), точка 7) од овие Правила, особено содржи:

1) податоци за договорни страни,

2) предмет на договор,

3) цена и количини на електрична енергија,

4) период на испорака,

5) точка на испорака,

6) флексибилност во испораката на договорените количини,

7) услови на плаќање и начин на фактурирање,

8) одговорност за неисполнување на договорните обврски,
9) банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот,
10) услови за активирање на гаранцијата за понудата, како и гаранцијата за навремено и квалитетно извршување,
11) надоместок на трошоци поради неисполнување на обврските од договорот,
12) виша сила,
13) договорни казни,
14) начин на разрешување на спроровите, и
15) престанување и раскинување на договорот.

(2) Кога со одлука е прогласена електроенергетска кризна состојба, или кризна состојба прогласена со закон во случаи кога е загрозена ликвидноста на пазарот со електрична енергија од аспект на намалување на заинтересирани понудувачи, ограничувања по однос на достапни количини на електрична енергија, како и високи цени за набавка на електрична енергија универзалниот снабдувач изготвува модел на договор во кој се утврдуваат услови за плаќање и начин на фактурирање различни од утврдените во моделот на договор од став (1) на овој член.

**Прием на понудувачи во квалификацискиот систем**

Член 5

(1) Понудувачот, во рок определен во огласот од член 3 на овие Правила, преку веб базирана платформа доставува до универзалниот снабдувач барање за прием во квалификацискиот систем што се воспоставува за прв пат.

(2) Универзалниот снабдувач во квалификацискиот систем обезбедува прием и на понудувачи коишто ќе му нудат електрична енергија набавена на организираниот пазар на електрична енергија ден однапред и во тековниот ден.

(3) Утврдувањето на способноста на понудувачот и изготвувањето на техничките спецификации се врши согласно важечките прописи што се применуваат во Република Северна Македонија, со кои се уредуваат овие прашања.

(4) Универзалниот снабдувач ја оценува способноста на понудувачот во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(5) Ако барањето е нецелосно, универзалниот снабдувач му определува на понудувачот дополнителен рок од седум дена за доуредување на барањето.

(6) По извршеното оценување од став (4) на овој член, универзалниот снабдувач донесува детално образложена одлука за прием на понудувач или одбивање на барањето за прием на понудувач во квалификацискиот систем.

(7) Ако бројот на понудувачи кои ги исполнуваат критериумите за прием во квалификацискиот систем (во понатамошниот текст: квалификувани понудувачи) е помал од минималниот број наведен во огласот, универзалниот снабдувач, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, го воспоставува и води квалификацискиот систем, ако со бројот на квалификуваните понудувачи се обезбедува конкурентност во постапката за набавка на електрична енергија.

(8) Понудувач може преку веб базираната платформа што ја користи универзалниот снабдувач да поднесе барање за прием во воспоставениот квалификациски систем во кое било време од времетраењето на квалификацискиот систем.

(9) Универзалниот снабдувач го води и го објавува на својата веб страница списокот на квалификувани понудувачи примени во квалификацискиот систем.

(10) Квалификуваниот понудувач преку веб базираната платформа ја пријавува веднаш секоја промена која може да влијае врз исполнување на критериумите за прием во квалификацискиот систем.

**Спроведување на поединечна набавка на пазар на билатерални договори**

Член 6

(1) За секоја набавка на електрична енергија на пазарот на билатерални договори, универзалниот снабдувач, преку веб базираната платформа, доставува покана до квалификуваните понудувачи за поднесување на понуда за набавка на електрична енергија.

(2) Поканата од став (1) на овој член особено содржи информации за:

1) датум, време и начин на доставување на понуди,

2) документи што се доставуваат кон понудата,

3) рок на важење на понудата,

4) јазик што се користи во понудата и постапката,

5) период за испорака на електрична енергија и моќност,

6) место на испорака,

7) барана моќност изразена во MW и електрична енергија изразена во MWh, за целиот период на испорака,

8) минимална количина на понудата,

9) максимален број на понуди по понудувач,

10) дозволени отстапувања од договорената моќност и договорените количини,

11) фактурирање и услови за плаќање,

12) валута што се користи во понудата,

13) начин на евалуација на понудите,

14) почетокот и времетраењето на електронската аукција,

15) известување за донесена одлука за избор на најдобра понуда,

16) посебни услови,

17) гаранција за понудата во вид на банкарска гаранција или депозит кои не смеат да бидат повисоки од 3 % од вредноста на понудената електрична енергија, и

18) износ на банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот која не смее да биде повисока од 10 % од вредноста на понудената електрична енергија.

(3) Единствен критериум за избор на најповолна понуда е понудената цена на електрична енергија. Критериумот е составен дел на поканата од став (1) на овој член.

(4) Квалификуваниот понудувач кој доставил прифатлива понуда врз основа на поканата од став (1) на овој член, учествува на електронска аукција.

(5) За најповолна понуда се избира понудата со најниска цена, а ако понудувачот со најниска цена не ја понудил целокупната барана количина, изборот се врши од ранг листата на понудите според најниската понудена цена до обезбедување на целокупната барана количина на електрична енергија наведена во поканата. Во случај кога двајца понудувачи понудиле иста цена и количина, за најповолна понуда се избира понудата од понудувачот кој прв ја доставил.

**Спроведување на поединечна набавки на организиран пазар**

Член 7

(1) За набавка на електрична енергија на организиран пазар, универзалниот снабдувач, преку веб базираната платформа, доставува покана за поднесување на понуди до

квалификуваните понудувачи кои што ги исполнуваат критериумите за набавка на организираниот пазар на електрична енергија ден однапред и во тековниот ден.

(2) Поканата од став (1) на овој член ги содржи елементите од член 6 став (2) на овие Правила, со исклучок на елементите од точките 7), 8), 9) и 10).

(3) Единствен критериум за избор на најповолна понуда е надоместок за тргување на бараната количина на енергија на организираниот пазар. Критериумот е составен дел на поканата од став (1) на овој член.

(4) Квалификуваниот понудувач кој доставил прифатлива понуда врз основа на поканата од став (1) на овој член, учествува на електронска аукција.

(5) За најповолна понуда се избира понудата со најнизок надомест за тргување, а во случај кога двајца или повеќе понудувачи понудиле ист најнизок надомест за тргување, за најповолна понуда се избира понудата од понудувачот кој прв ја доставил.

(6) Најповолниот понудувач ја врши набавката на организираниот пазар во целосна согласност со дневниот распоред на испорака доставен од страна на универзалниот снабдувач.

(7) По исклучок на ставовите од (1) до (6), универзалниот снабдувач може и самостојно да набавува и продава електрична енергија на организираниот пазар на електрична енергија во земјата или странство заради оптимизирање на своето портфолио и економичност и ефикасност на постапките, врз основа на претходно воспоставени правила од операторите на организираните пазари на електрична енергија на коишто учествува.

**Рок за доставување на понуди и трошоци**

Член 8

(1) Рокот за доставување на понудите од член 6 став (1) и член 7 став (1) на овие Правила не може да биде покус од три работни дена од денот на доставување на поканата.

(2) Трошоците за изготвување на понудата и за учество во постапката се на товар на понудувачот.

**Договор за набавка**

Член 9

(1) Универзалниот снабдувач до избраните понудувачи доставува договор за набавка на електрична енергија, изработен според моделот на договор од член 4 на овие Правила.

(2) За набавката од член 7 на овие Правила се склучува поединечен договор за период од најмногу една година.

(3) Избраниот понудувач го потпишува договорот во рок од пет работни дена од приемот на договорот, во спротивно се смета дека се откажал од договорот, а универзалниот снабдувач ја наплатува гаранцијата за понудата.

**Извештај за спроведена набавка**

Член 10

Во рок од пет работни дена од денот на склучувањето на договорот од член 9 на овие Правила, универзалниот снабдувач доставува извештај до Регулаторната комисија за енергетика за спроведената постапка и склучените договори.

**Гаранции**

Член 11

(1) Понудувачот во рок од седум работни дена по склучувањето на договорот за набавка на електрична енергија доставува до универзалниот снабдувач банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот.

(2) Ако понудувачот којшто го потпишал договорот за набавка не ја достави банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување во рокот определен во ставот (1) на овој член, универзалниот снабдувач го раскинува договорот и ја наплатува гаранцијата за понудата или го задржува депозитот од член 6, став (2), точка 17) од овие Правила.

(3) По доставување на банкарската гаранција од став (1) на овој член, универзалниот снабдувач им ја враќа гаранцијата за понудата или износот на депозитот за доставената понуда на сите квалификувани понудувачи кои доставиле понуди, освен на квалификуваниот понудувач од став (2) на овој член.

(4) По исклучок од член 6, став (2), точка 17) и точка 18) од овие Правила и одредбите на овој член, универзалниот снабдувач, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, ја прифаќа понудата без банкарска гаранција или депозит, односно не бара банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување од страна на производителот на електрична енергија во државна сопственост кој е со најголем инсталиран капацитет.

## Исклучоци во набавката

Член 12

(1) Универзалниот снабдувач може самостојно да набавува електрична енергија на организиран пазар на електрична енергија во земјата и странство, во случај на неисполнување на договорна обврска од квалификуван понудувач.

(2) По исклучок од член 9 од овие Правила, универзалниот снабдувач, по претходна писмена согласност од Регулаторната комисија за енергетика, може да склучи договор за набавка во постапка со директно преговарање без прибирање на понуди со квалификуван понудувач ако:

1) квалификуван понудувач со кој е склучен договор не ја исполнил обврската за испорака што може да предизвика сериозно нарушување на сигурноста и безбедноста во снабдувањето со електрична енергија, и

2) потребните количини на електрична енергија универзалниот снабдувач не може да ги набави на организиран пазар на електрична енергија.

(3) Во барањето за добивање на согласноста од став (2) на овој член, универзалниот снабдувач ја известува Регулаторната комисија за енергетика за влијанието на склучениот договор врз сигурноста во снабдувањето, влијанието врз цените за потрошувачите, како и наплатата на банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување.

## Преодни и завршни одредби

Член 13

(1) Квалификацискиот систем и огласот за прием на понудувачи во квалификацискиот систем преку веб базирана платформа од член 3 од овие Правила, а воспоставени со Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и 126/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/22 и бр.150/24), продолжуваат да се применуваат.

(2) Склучените договори врз основа на Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и 126/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/22 и бр.150/24) продолжуваат да важат до истекот на рокот за кој се склучени.

(3) Постапките за набавка кои се отпочнати пред влегување во сила на овие Правила ќе завршат согласно Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и 126/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/22 и бр.150/24).

(4) Со денот на влегување во сила на овие Правила престануваат да важат Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и 126/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/22 и бр.150/24).

Член 14

Овие Правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Бр. 02-1981/1
27 октомври 2025 година
Скопје